РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-168/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-922/1 од 28.02.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на нотари, врз основ на Конкурс со број --------/-- објавен на ден 02.12.2024 година од страна на Министерството за ------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа за предметниот случај не бил извршен избор на нотари по однос на наведениот Конкурс за именување на нотари, а воедно по пријавените наводи постапил друг надлежен орган кој извршил инспекциски надзор при кој не се утврдени неправилности во работењето на Министерството за --------------.

Предметот со број 12-922/1 од 28.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 28.02.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од познат подносител со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на нотари врз основа на Конкурс со број -------/-- објавен на ден 02.12.2024 година од страна на Министерството за -----------------. Имено, подносителот во пријавата наведува дека постапката по Конкурсот за именување на нотари е спроведена на незаконит и нетранспарентен начин.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со Барање за доставување на податоци до Министерството за -------------.
Постапувајќи по барање за доставување на информации на ДКСК, Министерството за ---------------- достави информација во која се наведува следното: Министерството за ------------ врз основа на член 11 од Законот за нотаријат („Службен Весник на РМ"бр.72/16, 142/16 и 233/18) го распишал 50-иот Конкурс за именување на нотари и истиот се објавил во „Службен Весник на РСМ" бр.245/2024.
Именувањето на нотари се врши со решение на Министерството за -------------, а согласно член 11 став 8 од Законот за нотаријатот, на неименуваните кандидати во рок од 15 дена од денот на именувањето на нотарите, им се достава писмено известување со копија од решение за именување, против кое може да поднесат тужба пред Управниот суд.
Комисијата за спроведување на Конкурсот за именување на нотари, на ден 27.12.2024 година, доставила Мислење со сите пријави и прилози поднесени од кандидатите по однос на распишаниот Конкурс за именување на нотари, до Министерството за ----------------.
Министерството за -------------- ја извести ДКСК дека постапката за именување на нотари по наведениот Конкурс се уште не е завршена и не се именувани нотари.
Воедно, Министерството информира дека на ден 18.03.2025 година, бил извршен инспекциски надзор по пријава од истиот подносител за истите пријавени наводи, за што бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.------------ од 19.03.2025 година, во кој не се утврдени неправилности во работењето на министерството и инспекциската постапка е запрена.
Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК утврди во предметниот случај не бил извршен избор на нотари по однос на наведениот Конкурс за именување на нотари, а воедно по пријавените наводи постапил друг надлежен орган кој извршил инспекциски надзор на 19.03.2025 година при кој не се утврдени неправилности во работењето на Министерството за ------------.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК